Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-149/3
09.03.2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-896/1 од 25.12.2025 година, поднесена од -------------, против Општина ------------- за извршена дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на политичко уверување во областа на јавно информирање и медиуми од страна на Општина ------------- кон -------------, жител на општина -------------.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 25.12.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на ------------- од -------------, за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на јавното информирање и медиуми.

Според наводите од претставката, ------------- на ------------- година го блокирала подносителот ------------- од официјалната Фејсбук - страница поради напишан коментар со следнава содржина: „Европската комисија само ја спомнува Општина -------------- како една од општините кои го комплетирале т.н. „зелен катастар". За неупатените, тоа подразбира само инвертаризација, мапирање, регистрирање на загадувачи на воздух, најчесто во служба на документациска подлога при урбанистичко планирање и преземање на евентуални идни чекори за решавање на проблемот со загадувањето. И толку. Европската комисија буквално никаде во својот извештај ја нема високо оценето Општина -------------, ниту пак го има споменато фамозното зголемување на зелени површини, фамозното подобрување на квалитетот на воздухот и фамозното создавање на поздрава животна средина за граѓаните, како што се фалите во постов! Еден огромен паркинг со купишта нови згради станавме, не туку пропагирајте лажни глупости, има ------------- луѓе што читаат и разбираат, не се сите мулиња како што мислите", на следната објава: -------------

Според наводите на подносителот неговиот коментар е избришан и е блокиран од страната, поради што не може од неговиот личен Фејсбук - профил да пристапи до страната на општината. Во прилог доставува и новинарска статија за настанот: -------------. Подносителот смета дека Општината го дискриминира со тоа што го спречува да биде благовремено информиран за нејзините активности, имајќи предвид дека Општината ја користи Фејсбук-страната како алатка за објавување новости кои речиси ексклузивно се објавувани само тука. Поради наведеното бара реакција за ваквото

однесување, особено што смета дека тука има сериозни елементи на дискриминација. Во изминатиот месец неколку пати се обидел да влезе на Фејсбук - страната на Општината заради конкретна информација околу нешто, но пристапот му бил оневозможен. Дискриминацијата е дотолку поизразена кога ќе се споредат објавите на Фејсбук страната на Општината со објавите на нивната веб-страна. Ќе забележите дека Фејсбук страната и е „дифолт" гласило на Општината. Уште повпечатлив е фактот дека Општината го блокирала единствено заради коментар во кој конструктивно се посочува нивната манипулација, а не заради коментар со навредлива содржина. Според наводите, општината не смее да постапи на овој начин, ниту да го избрише неговиот коментар, а уште помалку да го дискриминира блокирајќи го.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати до Општина -------------- барање за произнесување по наводите бр. 08-149/1 од 29.01.2026 година. Општина ------------- со допис бр.08-149/2 од 06.02.2026 година се произнесе по наводите од претставката и јас извести Комисијата дека во наведениот период постоеле технички и оперативни пречки, кои директно влијаеле врз редовното објавување на информации. Овие технички пречки не биле намерни и не претставувале обид за ограничување, исклучување или нееднаков третман на ниту едно лице или група по која било основа, вклучително и основот политичко уверување. Техничките проблеми биле од објективна и привремена природа и биле надминати веднаш по создавањето на соодветни услови за нормално функционирање. По добивањето на одговорот на претставката од Општина -------------, Комисијата стапи во контакт со подносителот на претставката со цел да ги потврди информациите добиени од општината дека се работи за технички проблеми од времен карактер кои биле надминати. Подносителот на претставката ја информираше Комисијата дека неговиот профил на Фејсбук е сеуште блокиран од страна на општината, при што достави доказ за неуспешните обиди да се приклучи на Фејсбук страната на општината.

По увид во наводите од претставката и доставеното дополнување, како и од произнесувањето на општина ------------- во однос на настанатиот проблем, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека во конкретниот случај е направена дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на јавно информирање и медиуми од страна на Општина -------------, од причини што по објавувањето на својот негативен коментар по однос на одредена тема која била објавена на Фејсбук страната на општината, на подносителот му бил оневозможен пристапот до истата. На ваков начин, со ваквото постапување на Општината на подносителот му е оневозможено да биде информиран за активностите, како и слободно да го изрази своето мислење и став по однос на настани и активности кои се однесуваат на Општината во која живее поради негово ограничување, исклучување и нееднаков третман .

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) во предметот на Kharitonov v. Russia (2020) разгледувал прашање кое слично со наводите во предметната претставка. Имено се работи за ситуација во која Русија блокирала IP-адреса поради содржина на една веб-страница, со што биле блокирани и други веб-страници кои немале никаква

врска со спорната содржина. Во овој случај ЕСЧП утврдил повреда на членот 10 од Европската конвенција за човекови права кој се однесува на слободата на изразување, при што клучниот принцип се однесува на тоа дека државата не смее да блокира интернет ресурси освен во случаи кога тоа е законски оправдано.

Во оваа насока, наведеното однесување е со обележја на акт на дискриминација согласно член 6 од Закон за спречување и заштита од дискриминација според кој *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други*, а во врска со член 5 од истиот закон согласно кој *се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

Во таа смисла согласно член 21 став (1) точка 14, а во врска со член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги дава следните

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Општината ------------- на лицето ------------- да му овозможи пристап до Фејсбук страница на општината во рок од 30 дена од денот на прием на ова мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Доколку лицето не постапи согласно оваа препорака во дадениот рок, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:
-Општина -------------
- подносителот